ВОДИЧ

ЗА ОСТВАРУВАЊЕ СОЦИЈАЛНИ ПРАВА ВО УПРАВНИ ПОСТАПКИ

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

ВОДИЧ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ СОЦИЈАЛНИ ПРАВА ВО УПРАВНИ ПОСТАПКИ

Издавач:
Институт за човекови права

За издавачот:
Маргарита Цаца Николовска

Уредник:
Марија Чекреџи

Автор:
Сандра Бузлиева

Лектура:
Татјана Стојановска

Графички дизајн:
Бисера Атанасовска

Скопје, 2026 година

Публикацијава е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Нејзината содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија

СОДРЖИНА

ВОВЕД 4

ПОСТАПКА ПРЕД ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА 5

ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ВО ПРВОСТЕПЕНА ПОСТАПКА 6

ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ВО ВТОРОСТЕПЕНА ПОСТАПКА 10

СУДСКА ЗАШТИТА (УПРАВЕН СПОР) 13

ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРАВАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 19

ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРАВАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ 21

ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРАВАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ 30

ВОВЕД

Овој водич е наменет за оние граѓани кои сакаат да ги остварат своите социјални права.

Цел на Водичов е да Ви помогне:

- да разберете како функционира постапката;
- да избегнете грешки; и
- да ги заштитите Вашите права.

Но, пред сè, зошто е потребен овој Водич?

Дел од своите права, како што се правото на социјална помош, правото на пензија, гарантираната минимална помош, различните надоместоци, додатокот за дете, помош и нега од друго лице, старосна и инвалидска пензија, професионална рехабилитација и други права, ги остварувате преку институциите.

Овој Водич објаснува:

- Каде да се обратите;
- Како да поднесете барање;
- Кои се Вашите права во постапката; и
- Што да направите ако не сте задоволни од одлуката.

Цел на Водичов е да Ви помогне **полесно, побрзо и појасно** да ги остварите Вашите права.

ПОСТАПКА ПРЕД ОРГАНИТЕ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

За да ги добиете овие права, најчесто треба да:

- Поднесете барање.
- Поминете управна постапка.
- Добиете решение од надлежна институција.

Оваа постапка се нарекува управна постапка. Целата управна постапка може да има неколку фази:

- Постапката пред институцијата пред која се поднесува барањето е првостепена постапка.
- Ако сте незадоволни од решението, може да поднесете жалба до повисокиот орган. Оваа постапка е второстепена постапка.
- Ако сте незадоволни и од ова решение, може да поднесете тужба пред Управниот суд. Оваа постапка се нарекува управен спор.
- Незадоволниот граѓанин од пресудата на Управниот суд може да поднесе жалба до Вишиот управен суд.

Управната постапка, воедно, ги пропишува и принципите по кои се води постапката.

Граф. 1 – Фази на управна постапка



ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ВО ПРВОСТЕПЕНА ПОСТАПКА

Како се поведува првостепена постапка?

Доколку сакате да остварите некое свое право, мора да поднесете барање.

Управната постапка ќе се смета дека е поведена од денот кога странката ќе го достави барањето.

Барањето се доставува на образец изготвен од институцијата/администрацијата/јавниот орган:

- лично;
- по пошта; или
- електронски.

Совет:

Обезбедете доказ дека барањето е поднесено, односно дека администрацијата истото го примила. Тоа вообичаено е приемен печат/штембил, со дата кога е поднесено барањето. Без доказ, тешко ќе докажете дека сте поднеле барање, бидејќи тоа е посебно важно за остварување на Вашите права, ако администрацијата молчи.

Важно:

1. Обезбедете ги и поднесете ги сите докази и податоците кои се бараат од Вас и кои вообичаено се наведени на образецот.
2. На образецот треба да е наведено и кои податоци ќе ги обезбеди администрацијата, по службена должност. Овие податоци не треба да ги доставувате. Ако овие докази и податоци се кај друг орган, администрацијата ќе ги прибави по службена должност, по електронски пат, а вие претходно треба да дадете согласност за употреба на личните податоци во постапката.

Во одредени случаи управна постапка може да поведе и управниот орган/администрацијата.

Внимавајте!

Во текот на целата постапка, од поднесувањето на барањето па сè до завршувањето има рокови и тие започнуваат да течат од денот на доставувањето на барањето.

Како се сметаат роковите?

Роковите вообичаено се определени во денови.

Како прв ден од рокот се смета наредниот ден од денот кога сте го примиле решението, а како последен ден се смета денот кога истекува рокот.

Напомена:

Денот на прием на решението не се смета во рокот. На пример, ако сте го примиле документот на 4 април, рокот започнува да тече од 5 април, односно 5 април е првиот ден од рокот.

Ако последниот ден од рокот се падне во неработен ден или во државен празник, рокот истекува наредниот работен ден.

Ако доказите, жалбата или друг поднесок се поднесува преку пошта, за да се запази рокот пожелно и потребно е тоа да биде со препорачана пратка, бидејќи во тој случај се смета дека таа е предадена на институцијата со денот на предавање во пошта.

Напомена:

Треба да имате доказ од поштата (печат/дата) за денот на предавање на препорачаната пратка.

Важно:

Овие правила за сметање на роковите се однесуваат на сите фази од постапката.

Дали барањето може да се измени, дополни или откаже?

1. Барањето може да го измените, дополните или да се откажете.
2. Барањето може и да се прошири или да се поднесе друго барање, под услов да се заснова врз исти факти.

Ова може да го сторите сè додека администрацијата одлучува, односно пред да донесе решение. Може да се жалите доколку барањето не се дозволи/прифати.

Ако се откажете од барањето, органот ќе ја запре постапката.

Внимавајте!

Постапката ќе се запре и кога не одговарате и не постапувате по барањата на органот што ја води постапката, бидејќи тоа укажува дека не сте заинтересирани за продолжување на постапката.

Важно:

Ако поднесете барање, треба да одговорите на сите барања на администрацијата и тоа во одреден рок. На пример, администрацијата може да побара да го дополните барањето со некој документ.

Важно:

Навремено известете го органот што ја води постапката за евентуална промена на адресата на живеење или престојување, за да може навремено да ги примите барањата!

Напомена:

Дури и ако Вие се откажете од Вашето барање, постапката може да продолжи до крај ако органот процени дека тоа е во јавен интерес или ако тоа го бара другата страна, вклучена во постапката.

Напомена:

Органот може исто така да ја запре постапката поведена по службена должност. Меѓутоа, ако постапката можела да се поведе и на Ваше барање, постапката ќе продолжи ако тоа го барате.

Активно учество во постапката

Во управната постапка можете:

1. Да учествувате активно.
2. Да бидете информирани - да се запознаете со утврдената фактичка состојба и да се изјасните за тоа, односно, да дадете писмено или усно, на записник, забелешки за утврдување на фактите.
3. Да поставувате прашања.
4. Да приложите докази.

Дали има трошоци?

Кога сакате да остварите одредени социјални права пред јавните органи, во постапката нема трошоци.

Во кој рок треба да заврши постапката, односно во кој рок органот треба да донесе решение?

1. Постапката треба да заврши во рок од 30 дена од денот кога сте ја повеле, односно од денот кога сте го поднеле барањето, со сите докази.
2. Рокот може да се продолжи најмногу за 30 дена, во зависност од сложеноста на предметот.
3. За продолжувањето на рокот и за новиот датум на неговото истекување, треба да ве известат.

Важно:

Ако институцијата не Ви одговори на барањето и не Ви даде никакво решение во предвидениот рок, тоа се вика 'молчење на администрацијата'. Во тој случај Вие имате право да поднесете жалба до второстепениот орган или тужба до Управен суд, затоа што државата не си ја завршила работата во рок.

Можете да прочитате како се поднесува тужба за молчење на администрацијата на стр. 14.

Од кога важи решението/управниот акт?

1. Решението важи од моментот кога истото Ви е доставено, или од моментот наведен во самото решение.
2. Решението важи сè додека не се укине, поништи или измени со друго решение или со одлука.
3. Важењето може да престане по истек на определен временски рок или по исполнување на целта.

Со добивањето на решението завршува првостепената постапка.

ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ВО ВТОРОСТЕПЕНА ПОСТАПКА

Што доколку сте незадоволни од решението?

1. Ако не сте задоволни од решението, може да се жалите, да поднесете приговор или да барате повторување на постапката.
2. Ако жалбата, односно приговорот не се загарантирани со закон, може веднаш да поведете управен спор.
3. Може и да се откажете од жалбата, сè додека второстепениот орган не донесе одлука, при што, во таков случај, постапката се запира.
4. Секој поднесок, иако на него не е напишано дека е „жалба“, се смета за жалба ако е јасна намерата дека се сака да го оспори решението/управниот акт.

Важно:

Мора да го искористите правото на жалба или приговор во рокот определен во решението.

- **Жалба може да поднесете во рок од 15 дена од денот кога Ви е доставено решението, односно известувањето, освен ако не е определен подолг рок**
- **Жалбата треба да ја поднесете до второстепениот орган.**
- **Точниот рок во кој можете да ја поднесете жалбата и органот до кој треба да ја поднесете се наведени во решение кое ќе го добиете.**

Напомена:

Внимавајте на делот „Правна поука“ и на рокот, кои вообичаено се наоѓаат на крајот од решението.

Што треба да содржи жалбата?

Жалбата има своја содржина и треба да внимавате таа да ги содржи сите потребни елементи.

Во жалбата треба да се наведе:

1. Решението што се побива или за кое сте поднеле барање, но не сте добиле одговор од институцијата;
2. Органот кој го донел решението/актот или кој требало да го донесе; и
3. Причините поради кои не сте задоволни со актот или со неговото недонесување.

Напомена:

Може да изнесувате нови факти и нови докази, но треба да образложите зошто не сте ги изнеле во првостепената постапка.

Важно:

Внимавајте на роковите. Ако жалбата е поднесена по истекот на рокот, второстепениот орган ќе ја отфрли и воопшто нема да ја разгледа.

Какво дејство има жалбата?

Кога ќе поднесете жалба, решението не може да се изврши.

Исклучок е:

- кога со закон е утврдено дека жалбата не го одлага извршувањето;
- ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес; или
- ако поради одлагање на извршувањето ќе Ви се нанесе штета којашто не може да се надомести.

Како се одлучува по жалбата?

1. Жалбата се поднесува до второстепениот орган/институција, кој е должен, наредниот ден, во електронска форма да ја достави до првостепениот орган и да побара истиот, во рок од седум дена, да испита дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице.
2. Ако по грешка ја поднесете жалбата до првостепениот орган, тој, во рок од седум дена, ќе испита дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице. Откако ќе одлучи, ќе ја препрати жалбата до второстепениот орган.
3. Второстепениот орган, исто така, ќе провери дали жалбата е допуштена, навремена и изјавена од овластено лице.
4. Доколку второстепениот орган утврди дека е недопуштена, ненавремена или изјавена од неовластено лице, **ќе ја отфрли жалбата**.
5. Ако не ја отфрли, второстепениот орган ќе ја разгледа жалбата и може да ја одбие или да ја уважи, и да го поништи првостепеното решение во целост или делумно, или да го измени.
6. Ако второстепениот орган утврди неправилности во решението донесено од првостепениот орган, може: а) да одлучи дека решението е ништовно; б) да го поништи ако го донел ненадлежен орган и да го достави до надлежен орган; в) или да го врати на првостепениот орган/институција на повторна постапка;

Важно:

Првостепениот орган/институција е должен во целост да постапи по насоките дадени во решението на второстепениот орган.

Важно:

Ако Вашата жалба е уважена и Вашиот предмет е вратен на повторно одлучување пред првостепениот орган/институција, тој е должен да донесе ново решение во рок од 30 дена.

Жалба во случај на „молчење на администрацијата“

1. Кога второстепениот орган/институција ќе утврди дека првостепениот орган не го донел решението во законскиот рок, ќе му наложи на првостепениот орган да донесе решение за најмногу 30 дена.
2. Кога второстепениот орган/институција ќе утврди дека поради неоправдани причини првостепеното решение не е донесено, тој самиот треба да реши за Вашето барање во рок од 30 дена, или ќе му наложи на првостепениот орган да донесе решение во рок од 15 дена.
3. Во случај на повторно „молчење“ на првостепениот орган/институција, второстепениот орган/институција е должен самиот да донесе решение.

Во кој рок второстепениот орган/институција треба да одлучи по жалбата?

По жалбата треба да се одлучи без одлагање, а најдоцна во рок од 60 дена од денот на предавање на жалбата и на сите документи од првостепениот орган/институција на второстепениот орган.

Ако второстепениот орган не го реши предметот во рамки на рокот од 60 дена, можете да поведете управен спор.

Граф. 2 – Второстепена постапка



СУДСКА ЗАШТИТА (УПРАВЕН СПОР)

Против решенијата на администрацијата/јавните органи, имате право на судска заштита. Оваа судска постапка се нарекува „управен спор“.

Како може да побарате судска заштита?

Судската заштита, односно управниот спор, се поведува со тужба.

За да поведете судска постапка, решението треба да биде конечно.

Конечно решение значи дека институцијата ја донела својата последна одлука и веќе не можете до неа да се жалите. Сега, кога таа врата е затворена, можете да се обратите пред Управниот суд.

Напомена:

За да знаете дали решението е конечно, погледнете на самиот крај од документот каде што пишува „Правна поука“. Ако решението е конечно, таму ќе пишува дека имате право да поднесете тужба до Управниот суд.

Внимавајте!

Во делот „Правна поука“ ќе го пишува и рокот во кој можете да поднесете тужба пред Управен суд. По истекување на рокот, го губите тоа право.

Судот постапката треба да ја спроведе брзо, без употреба на непотребни дејствија и трошоци.

Важно:

Управниот суд треба да одлучи, со пресуда, во разумен рок, односно најдоцна во рок од девет месеци од денот на доставување на списите или од создавање услови за одлучување по тужбата.

Внимание!

Тужбата не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено, или по барање на тужителот, кога извршувањето на актот би му нанело штета која тешко би можела да се поправи. По секое барање за одлагање на извршувањето на оспорениот акт, Судот донесува решение најдоцна во рок од седум дена од приемот на барањето.

Тужбата може да ја повлечете до донесувањето на пресудата од страна на Управниот суд.

Внимавајте!

Повлекувањето на тужбата е финално, не може да се отповика.

Како се поведува управен спор?

За да поведете управен спор треба да поднесете тужба до Управниот суд.

Важно:

Само Вие - странката во постапката - можете да поведете управен спор. Судот не може самиот, по службена должност, да поведе постапка.

Како се поднесува тужба?

Тужбата може да ја поднесете:

- Непосредно до Судот, во писмена форма, или
- Да се прати преку пошта.

Тужбата може да е испратена и како препорачана пратка и во тој случај датумот на доставата во поштата се смета како датум на поднесување на тужбата во Судот.

Совет:

Доколку сакате тужбата да ја испратите преку пошта, најдобро е тоа да го сторите преку препорачана пратка, бидејќи ќе имате доказ за датумот на испраќање.

Тужбата не може да ја изјавите усно. Откако ќе ја поднесете тужбата, истата може да ја дополните.

Што може да се оспори со тужбата?

Со тужбата може да оспорите **само едно решение/акт**.

Решението може:

1. Да го оспорите целосно или во дел;
2. Да барате да биде поништено или прогласено за ништовно;
3. Да барате донесување на решение/поединечен управен акт кој не е донесен во пропишаниот рок („молчење на администрација“); или
4. Да барате решението да се преиначи/измени.

Што содржи тужбата:

Важно:

Тужбата мора да биде разбирлива.

Во тужбата треба да наведете:

1. Назив на судот пред кој се поднесува;
2. Личното име, односно назив и адреса, односно седиште на тужителот, со единствен матичен или даночен број, како и е-меил адреса и контакт телефон на тужителот;
3. Назив на туженият (институцијата/органот);

4. Наведување на решението (оспорениот акт или опис на бараното дејствие);
5. Вредноста на предметот на спорот;
6. Тужбено барање, односно што се бара со тужбата;
7. Дали целосно или делумно се оспорува решението (поединечниот управен акт, дејствието или управниот договор);
8. Причини за поднесување на тужбата кои треба да се однесуваат на главната работа и споредните барања;
9. Факти и докази на кои е засновано тужбеното барање;
10. Ваш потпис/Потпис на тужителот;

Внимавајте!

Најчесто, кога се поднесува тужба пред кој било суд, се плаќа судска такса. Но, **за постапки кои се однесуваат на социјални права има исклучок и во овие случаи не траба да платите судска такса за да поднесете тужба до Управен суд.**

Граѓаните во управни спорови од областа на социјалното осигурување, социјалната помош, старателството и посвојувањето, како и за денационализација, се ослободени од плаќање судска такса.

– Закон за судските такси, член 11
(Службен весник на РСМ бр. 114/2009; 148/2011; 106/2013; 166/2014; 257/2020; 205/2023)

Важно:

Заедно со тужбата мора да го доставите и решението кое се оспорува.

Совет:

Најдобро е да доставите копија, заверена на нотар, а оригиналот да го чувате кај вас.

Совет:

Тужбата и прилозите треба да ги поднесете во најмалку три примероци**.**

Ако управниот спор го поведувате поради **„молчење на администрацијата“**, треба да приложите доказ кога сте ја повеле управната постапка, или кога сте го поднеле барањето. Таков доказ е, на пример, копија од поднесеното барање, на кое има приемен штембил од првостепениот орган/институција, со датум кога е поднесено барањето, или друг документ за прием, издаден од органот/институцијата.

Доколку тужбата не ги содржи задолжителните елементи, Судот ќе побара да ги отстраните таквите недостатоци во одреден временски рок. Ако во Вашата тужба сте заборавиле да напишете нешто важно, не сте доставиле некој документ или сте направиле грешка, Судот нема веднаш да Ве одбие. Судот ќе Ви испрати известување и ќе Ви даде рок во кој мора да ги поправите тие грешки, за тужбата да биде уредна.

Важно:

Потребно е да постапите по ова барање на Управниот суд, бидејќи, ако не се отстранат недостатоците, судот ќе ја отфрли тужбата како неуредна.

Против ова решение може да се жалите во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Во кој рок треба да се поднесе тужбата?

Тужбата треба да ја поднесете во рок од 30 дена од денот кога сте го примиле решението.

Ако тужбата е заради „молчење на администрацијата“, тужбата можете да ја поднесете по истекот на рокот во кој органот/институцијата требала да го донесе актот.

Ако не сте го добиле решението/актот, односно не Ви бил доставен во согласност со правилата за достава, тужбата може да ја доставите во рок од 30 дена од моментот кога сте дознале за одлуката, но не подолго од една година од денот на донесување на решението/актот.

Внимавајте!

Во решението/актот, донесено од органот, треба да е наведено упатството за тужба (правно средство) и тоа вообичаено се наоѓа на крајот од решението/актот. Доколку во ова упатство погрешно е напишано дека не е дозволена тужба, а истата законски е дозволена, тужбата можете да ја поднесете во рок од 30 дена од моментот кога сте дознале или сте можеле да дознаете за можноста да се поднесе тужба. Овој рок не може да биде подолг од три години од денот на доставувањето на актот.

Право да се информирате за текот на постапката

1. Имате право да бидете информирани за текот на постапката;
2. Имате право да извршите увид во предметот;
3. Имате право да направите препис од секој документ во предметот, на нивен трошок, освен записникот за советување и гласање и другите документи обележани со степен на тајност. Нацртите на судските одлуки и подготвителните текстови од работата на Судот не се дел од предметот.

Што ако Управниот суд го усвои тужбеното барање?

Ако Управниот суд го усвои тужбеното барање треба да преземе чекори за решавање на барањето или да даде конкретни напатствија на првостепената институција/орган:

1. Ако Судот најде дека решението/актот не е донесено, ќе го усвои тужбеното барање и самиот ќе ја реши управната работа.
2. Ако Судот го усвои тужбеното барање, ќе го поништи решението и ќе го врати на повторно одлучување кај институцијата/органот кој го донел, и тоа:

   а) доколку туженият орган решавал по слободна оценка; или

   б) доколку природата на работата не дозволува одлучување, односно не може целосно да ги утврди фактите по суштинските прашања.

3. Ако Судот најде дека оспорениот управен акт е незаконит, ќе го усвои тужбеното барање, ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт/решението и самиот ќе ја реши управната работа. Пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт.

Важно:

Доколку го врати на повторно одлучување, во пресудата Судот ќе ѝ нареди на институцијата/туженият орган да донесе поединечен акт во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Важно:

Тужената институција/орган е врзана за правното мислење на Судот во однос на примената на правото и за неговите ставови во постапката.

Важно:

Ако Вашата тужба е против решение/акт кое веќе еднаш било поништено и вратено на повторно решавање пред првостепениот орган, Судот е должен самиот да ја реши управната работа, при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт.

Жалба против пресудата на Управниот суд

1. Можете да се жалите против пресудата на Управниот суд во рок од 15 дена од денот кога Ви е доставена пресудата.
2. Жалбата спречува пресудата да стане правосилна и го одлага нејзиното извршување.
3. Во жалбата не може да изнесете нови факти, ниту да предлагате нови докази, освен ако се однесуваат на суштествени повреди на постапката.

Содржина на жалбата

Жалбата пред сè мора да биде:

- Разбирлива
- Да го содржи сето она што е потребно за да може да се постапи, односно да е наведено:
  1. Судот;
  2. Име и презиме;
  3. Занимање и живеалиште, односно престојувалиште на странките, односно фирмата и седиштето на правното лице;
  4. Законски застапници и полномошници, ако имате;
  5. Предмет на спорот;
  6. Означување на пресудата или решението против која се изјавува жалба;
  7. Изјава дека се побива пресудата или решението во целост или во определен дел;
  8. Образложени причини и основи за жалбата;
  9. Потпис на подносителот на жалбата.

Поднесување жалба

Жалбата треба да ја поднесете до Управниот суд, во доволен број примероци, како за Судот, така и за другите странки.


Ненавремената, нецелосната или недозволената жалба Судот ќе ја отфрли, без одржување рочиште, во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

Против ова решение може да се поднесе жалба.

Важно:

Кога Вишиот управен суд постапува по жалба против пресуда која веќе еднаш била укината и вратена на повторно решавање пред Управниот суд, должен е самиот да ја реши управната работа и со пресуда да ја преиначи/измени првостепената пресуда.

Граф. 3 – Управен спор



ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРАВАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Можете да ги остварите следниве права на парична помош од социјална заштита:

- Гарантирана минимална помош;
- Надоместок заради попреченост;
- Надоместок за помош и нега од друго лице;
- Надоместок на плата за скратено работно време;
- Додаток за домување;
- Траен надоместок и
- Еднократна парична помош.

Кој може да е корисник на правото на социјална заштита?

Корисници на правото на социјална заштита може да бидат:

- државјаните на Република Северна Македонија кои имаат постојано живеалиште во Република Северна Македонија.
- странците кои имаат регулиран постојан престој во Република Северна Македонија.
- државјаните на Република Северна Македонија кои немаат постојано живеалиште во Република Северна Македонија.
- странците кои имаат регулиран привремен престој во Република Северна Македонија кои ги користат правата од социјалната заштита под услови утврдени со законите, меѓународните договори ратификувани согласно со Уставот на Република Северна Македонија.
- лице барател на право на азил, лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита, како и лице кое не е евидентирано во матична книга на родени, а има извод од посебна матична книга на родени и идентификациска исправа, под услови и во постапка утврдени со закон.

Кој има право на социјална заштита?

Право на социјална заштита имате ако не можете да обезбедите издржување преку сопствената работа, преку права кои произлегуваат од работа или од осигурување, од имот, од други извори, од лица кои се должни според закон да Ве издржуваат, или на друг начин.

Пример: Имате право на социјална помош само ако навистина немате никаков друг начин да обезбедите средства за живеење. Тоа значи дека немате работа, не примате пензија или друг надоместок, немате имот што носи пари и немате блиски роднини кои според законот се должни да Ви помагаат.

Правото на социјална заштита, се заснова на еднаков и рамноправен третман и се забранува секаков вид и облик на дискриминација.

Важно:

Во постапката за социјална помош граѓанинот не сноси никакви трошоци за прибавување на документите.

Граѓанинот не е должен да поднесува докази за податоци за кои државните органи водат службени евиденции, како што се уверение за државјанство, односно разни уверенија, изводи, лиценци, дозволи и слично.

Како може да се поведе постапката за остварување на право на социјална заштита?

Постапката се поведува со поднесување барање.

Барањето може да го поднесе самиот граѓанин или неговиот законски застапник, старател или државен орган, по службена должност.

Дали Центарот за социјална работа може самиот да поведе постапка?

Центарот за социјална работа може, по службена должност, да поведе постапка по сопствена иницијатива, по иницијатива на граѓанин, надлежен орган или други органи и организации, кога тоа е во интерес на граѓанинот или кога постои интерес на трети лица.

Постапка пред Центарот за социјална работа

По барањето за остварување на правото од социјална заштита, во прв степен, решава Центарот за социјална работа надлежен за подрачјето на кое имате живеалиште или престојувалиште.

Важно:

За Вашето барање, во постапката за остварување на правото од социјална заштита, Центарот за социјална работа е должен да донесе решение во рок од 60 дена од денот на поднесувањето на барањето со потребната документација.

Жалба

Доколку не сте задоволни од решението на Центарот за социјална работа, може да поднесете жалба. По жалбата решава Министерството.

Жалбата се поднесува преку надлежниот центар за социјална работа. Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

Права на парична помош

Правата на парична помош од социјална заштита се остваруваат од денот на поднесувањето на барањето, во случај кога решението ќе биде позитивно.

Пример: Ако поднесете барање на 1 април, а институцијата Ви го одобри барањето дури на 31 мај, должни се да Ви ги исплатат парите наназад и за април и за мај.

Правата на парична помош од социјална заштита престануваат со денот на престанокот на условите за користење на правото.

ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРАВАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Кои права од пензиско и инвалидско осигурување можат да ги остварат граѓаните?

Граѓаните имаат право на:

- старосна пензија;
- инвалидска пензија;
- професионална рехабилитација и права на соодветни парични надоместоци;
- семејна пензија;
- паричен надоместок за телесно оштетување, и
- најнизок износ на пензија.

Како се стекнуваат и остваруваат правата од пензиско и инвалидско осигурување?

Стекнувањето и остварувањето на овие права зависи од:

- Начинот;
- Должината; и
- Обемот (висината/износот) на вложените средства за пензиско и инвалидско осигурување.

Дали правата од пензиското и инвалидското осигурување може да се изгубат?

Правата од пензиско и индивидуално осигурување:

- не може да се одземат;
- тие се лични материјални средства;
- не можат да се пренесат на други лица;
- не можат да застарат, освен ако средствата не можеле да бидат исплатени поради околностите што ги предизвикал корисникот на правото[1];
- може да се ограничат само со закон.

Средствата се обезбедуваат преку плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно со закон.

Важно:

Имате право на жалба против решението на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија (Фонд на ПИОСМ) и право на судска заштита.

1 Прочитај повеќе на стр. 28.

Кога може да се оствари старосната пензија?

За да остварите старосна пензија треба да се исполнат два услова: работен стаж и години на живот.

1. Потребно е да имате најмалку 15 години работен стаж.
2. Мажите ова право го остваруваат со наполнети 64 години живот, жените со 62 години живот.

Како се утврдува старосната пензија?

Пензиска основица

За утврдување/пресметување на старосната пензија, прво треба да Ви се пресмета пензиската основица. Пресметката ја прави Фондот на ПИОСМ.

За утврдување на пензиската основица се земаат платите, паричните надоместоци, односно основиците на осигурување што сте ги остварile во согласност со закон и колективен договор.

Права врз основа на инвалидност

Што е инвалидност?

Инвалидноста е промена во здравствената состојба која не може да се отстрани со лекување или со медицинска рехабилитација, поради која работната способност е трајно намалена за повеќе од половина, во споредба со физички и психички здраво лице со исто или слично образование и способност.

Има три степена на инвалидност:

1. Општа неспособност за работа или трајно губење на работната способност. Во овие случаи работната способност е намалена за повеќе од 80%. (Категорија I)
2. Професионална неспособност за работа или кога работната способност е намалена за повеќе од 50%, а најмногу до 80%. (Категорија II)
3. Доколку работната способност е намалена за 50%, лицето (осигуреникот) може да работи со скратено работно време или да биде распределено на друга соодветна работа.

Инвалидноста може да настане поради болест, поради повреда надвор од работа, повреда при работа или професионални болести.

Важно:

Ако е утврдена професионална неспособност за работа, ќе се утврди преостанатата работна способност и дали со професионална рехабилитација може да се оспособите за работа со полно работно време на друга работа.

Права врз основа на преостаната работна способност:

- **Право на професионална рехабилитација** – видот зависи од годините на живот, од тоа каде е настаната повредата (вон или на работното место), како и од годините на пензиски стаж;
- **Право на надоместок на плата во висина на инвалидската пензија** – доколку сте се стекнале со право на професионална рехабилитација, под одредени услови и најдолго 12 месеци за инвалидите на трудот;
- **Инвалидска пензија** - кога ќе настане општа неспособност за работа, како и кога имате преостаната работна способност, но поради возраста не може со професионална рехабилитација да се оспособите за вршење на друга соодветна работа.



Остварување, користење и губење на правата

Како можете да ги остварите правата од пензиско и инвалидско осигурување?

Вашите права можете да ги остварите во Фондот за ПИОСМ. Фондот исто така е надлежен и кога правата од пензиско и инвалидско осигурување се остваруваат врз основа на ратификувани меѓународни договори.

Право од пензиско и инвалидско осигурување може да оствари лице кое има својство на осигуреник според овој закон.

Како се остварува правото на семејна пензија?

- Остварувањето на право на семејна пензија и други права на членовите на семејството на
- осигуреникот, односно на корисникот на пензија, се остваруваат по барање на член на семејството.

Семејна пензија можат да остварат:

1. Брачниот другар;
2. Децата (родени во брак или надвор од брак или посвоени, посиноците кои ги издржувал осигуреникот, внучињата и други деца без родители кои сте ги издржувале;
3. Родителите (таткото и мајката, очувот и маќеата) и посвоителот, кои сте ги издржувале;
4. Брачниот другар од разведен брак, ако со судска одлука му е утврдено право на издржување;
5. Внучињата без родители, другите деца без родители и родителите кои сте ги издржувале.

Паричен надоместок за телесно оштетување

Телесно оштетување постои ако имате загубување, посуштествено оштетување или позначителна онеспособеност на одделни органи или делови од телото што ја отежнуваат нормалната активност на организмот и бараат поголем напор во остварувањето на животните потреби, без оглед на тоа дали причинуваат или не причинуваат инвалидност.

Имате право на паричен надоместок за телесно оштетување под истите услови во поглед на пензискиот стаж како за правото на инвалидска пензија.

Инвалидност

Постапка за утврдување инвалидност, покрај на ваше барање, може да поведе и работодавачот кај кого сте во работен однос, како и матичниот лекар и лекарската комисија на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (ФЗОРСМ).

Со барањето, односно предлогот за утврдување инвалидност или неспособност за работа треба да приложите медицинска, работна и друга документација, како и предлог од лекарската комисија при ФЗОРСМ.

Постапката за утврдување инвалидност или неспособност за работа, повторно се поведува, по истекот на рокот од една година од денот на прегледот од комисијата на Фондот за ПИОСМ. Оваа постапка може да се покрене и пред истекот на овој рок, доколку со барањето е приложена нова медицинска документација за настанатата промена, односно доколку дошло до влошување на здравствената состојба.

Важно:

Како осигуреник, должни сте да учествувате во оваа постапка.

Документите за стажот и податоците од службената евиденција која ја води друг јавен орган Фондот за ПИОСМ ги прибавува по службена должност, по претходно дадена писмена согласност за користење на личните податоци.

Останатите документи ги прибавуваат подносителот и другите членови на семејството, како при поднесување на барањето, така и во текот на користење на правото на инвалидска пензија.

Каде може да ги остварите правата од пензиско и инвалидско осигурување?

Барањето за остварување право од пензиско и инвалидско осигурување се поднесува, во хартиена форма, во филијалите и деловниците на Фондот за ПИОСМ според местото на последното осигурување.

Можете да покренете и барање за утврдување на промените на состојбата на инвалидноста и телесното оштетување, кои влијаат на веќе признатото право.

По исклучок, надлежниот орган за решавање на правата од пензиско и инвалидско осигурување може, на иницијатива на лекар-поединец, комисијата за оцена на работната способност, работодавачот или на Фондот за ПИОСМ, да определи повторен комисиски преглед на инвалидите на трудот, со преостанатата работна способност, за да се утврдат промени во состојбата на инвалидноста.

Постапка

За остварување на правата врз основа на инвалидност и неспособност за работа, се формира Комисија во рамки на Фондот за ПИОСМ.

Во наодот, оцената и мислењето, се утврдува и обврска за задолжителен контролен преглед кој се врши во рок кој не е пократок од една година од денот на утврдената инвалидност.

Контролниот преглед може да се врши најмногу два пати до навршување на 65 години живот на корисникот на пензија. За одделни заболувања не се подлежи на контролен преглед.

Задолжителниот контролен преглед не можат да го вршат исти лица кои претходно учествувале во постапката за утврдување на инвалидноста.

До донесувањето на решение, по извршениот задолжителен контролен преглед, треба да Ви се исплати времена инвалидска, односно семејна пензија.

Важно:

Правото на инвалидска, односно семејна пензија престанува доколку не се јавите на задолжителен контролен преглед во утврдениот рок, или ако со контролниот преглед не е утврдена инвалидност, односно неспособност за работа.

Правна заштита

Против решението донесено во прв степен од Фондот за ПИОСМ подносителот на барањето има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Жалбата не го одложува извршувањето на решението.

Против решението на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос, во втор степен, може да се поведе управен спор.

Граф. 4 – Постапка за остварување на правата врз основа на инвалидност и неспособност за работа



Како може да ги користите или да ги изгубите правата?

1. Правата од пензиско и инвалидско осигурување се стекнуваат и пристигнуваат со денот на исполнувањето на условите, ако барањето е поднесено во рок од шест месеци од денот на исполнувањето на условите. Ако поднесете барање по истекот на тој рок, правата се стекнуваат и за шест месеци наназад.
2. Правото на старосна пензија се остварува по престанокот на осигурувањето (т.е. по престанокот на работен однос) и со исполнување на двата услови наведени на стр. 22.
3. Правото на инвалидска пензија врз основа на решение за утврдена инвалидност, може да го остварите најдоцна во рок од три месеци од правосилноста на решението за инвалидност. Доколку правото на инвалидска пензија не биде остварено во рокот, ќе Ве упатат на повторен комисиски преглед, по службена должност.
4. Пензијата и другите парични надоместоци се утврдуваат во месечен износ и ќе Ви се исплатуваат откако месецот ќе заврши. На пример, во март ќе ги земете парите за февруари.
5. Доколку сте корисник на пензија или на паричен надоместок може да овластите друго лице, во Ваше име, да ја прима пензијата или паричниот надоместок.
6. По барање на Фондот на ПИОСМ, корисникот на пензија или на паричен надоместок е должен да достави потврда за живот издадена од Фондот на ПИОСМ.
7. Доколку корисникот има живеалиште надвор од територијата на Републикава, Фондот на ПИОСМ ќе обезбеди исплата на износите под услови предвидени со закон, со ратификуван меѓународен договор или ако постои реципроцитет.
8. Правото на професионална рехабилитација и паричните надоместоци можат да се ограничат, односно да престанат, ако во рок од еден месец:
   - Не почнете со професионалната рехабилитација; или
   - Ако без оправдани причини ја прекинете професионалната рехабилитација;
   - Ако не ја извршувате должноста во врска со рехабилитацијата; или
   - Ако во определен рок не се јавите на поканата за повторно оценување на работната способност.
9. Ако сте странски државјанин и ако се иселите, пензијата и паричниот надоместок за телесно оштетување ќе Ви се исплатат во странство, ако со односната држава е склучен ратификуван меѓународен договор за плаќање на пензиите во странство, или ако постои реципроцитет.

Примање пензија во странство

Ако сте корисник на пензија - државјанин на Република Северна Македонија - кој ќе се исели во странство, пензијата и другите парични примања ќе Ви се исплатат ако таква обврска е предвидена со меѓудржавен, односно ратификуван меѓународен договор.

Важно:

Должни сте да ја пријавите секоја промена што влијае врз правото или врз обемот на користењето на правото, најдоцна во рок од 30 дена од денот кога настанала промената.

Две или повеќе пензии

Доколку се стекнете со право на две или повеќе пензии, според овој закон, корисникот може да користи само една од тие пензии, по сопствен избор. По извршениот избор осигуреникот нема право на повторен избор.

Семејната пензија се исплаќа како една пензија и кога е одредена на повеќе корисници, доколку сокорисниците не бараат пензијата да им се исплатува одделно.

Пример: Доколку брат и сестра треба да делат една семејна пензија, државата по автоматизам целиот износ на пензијата ќе го праќа на една трансакциска сметка (како една заедничка пензија). Но, ако тие не се согласуваат или ако сакаат секој да си ги добива своите пари на своја сметка, можат да побараат од Фондот да ја „подели“ пензијата. Тогаш секој ќе си го добива својот дел, на посебна сметка.

Пензијата како предмет на извршување

Ако имате долгови, извршител може да ви земе само еден дел од пензијата, а не целата.

Најчесто, извршител може да ви земе до 1/3 (една третина) од пензијата. На пример, ако вашата пензија е 30.000 денари, извршител може да ви земе до 10.000 денари. Но, ако должите пари за алиментација (издржување дете или член на семејство), извршител може да ви земе до половина од пензијата.

Но, доколку примате најнизок износ на пензија (минимална старосна или семејна пензија), Вие сте законски заштитени и извршител не смее да Ви зема пари за никакви долгови како кредити или сметки. Единствениот случај кога може да Ви се одбие дел од минималната пензија е ако имате судски утврдена обврска за плаќање алиментација, како на пример издржување дете или член на семејство. Но, дури и тогаш можат да Ви земат најмногу една третина од пензијата во месецот, и тоа само ако Вие лично се согласите и потпишете дека дозволувате да Ви ги запираат тие пари.

Паричниот надоместок за телесно оштетување не може да биде предмет на извршување и обезбедување, поточно извршител не може да Ви ги запре или да Ви ги земе овие пари за да наплати некаков долг.

Пристигнати месечни износи

Пристигнатите месечни износи на пензија и други права од пензиско и инвалидско осигурување, кои не можеле да бидат исплатени поради околностите што ги предизвикал корисникот на правото, може дополнително да се исплатат најмногу за три години наназад, сметајќи од денот кога, по престанокот на дејствувањето на тие околности, корисникот на правото ќе поднесе барање за исплата.

Пример: „Околностите што ги предизвикал корисникот на правото“ се однесуваат на ситуации кога Вие како пензионер сте направиле некој пропуст или грешка поради која Фондот на ПИОСМ не можел да Ви ја исплати пензијата навреме. Тоа најчесто значи дека:

- Сте заборавиле да пријавите промена. На пример, сте ја сменили банката или трансакциската сметка, а не сте го известиле Фондот на ПИОСМ, па парите нема каде да легнат.
- Не сте доставиле потребен документ. На пример, не сте доставиле потврда за живот на барање на Фондот на ПИОСМ.
- Сте биле недостапни. На пример, сте биле отсутни подолго време или не сте ги подигнувале парите, па исплатата привремено запрела.

Во вакви случаи, штом ќе го средите проблемот, државата ќе Ви ги исплати сите заостанати пензии, но најмногу за три години наназад од денот кога повторно ќе побарате исплата. Сето она што поминало пред тие три години пропаѓа, и нема да Ви биде исплатено.

ОСТВАРУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ПРАВАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Какво здравствено осигурување постои и кој го спроведува?

Здравственото осигурување може да биде задолжително и доброволно.

Задолжителното здравствено осигурување го спроведува Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (ФЗОРСМ).

Со доброволното здравствено осигурување се обезбедуваат здравствени услуги кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување. Доброволно здравствено осигурување можат да спроведуваат друштва за осигурување, а не ФЗОРСМ.

Кои лица се здравствено осигурени лица?

Осигурени лица се осигурениците и членовите на семејството. Како членови на семејство се сметаат: брачниот другар и децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување.

Децата се здравствено осигурени:

1. до 18-годишна возраст, а по тие години само ако се на редовно школување, но најдоцна до 26 години;
2. кога се на вонредно школување, ако поради природата на болеста не се во можност редовно да ја посетуваат наставата; и
3. ако се или станат неспособни за самостоен живот и работа, според прописите на пензиското и инвалидското осигурување, односно за социјалната заштита, за сето време додека трае таквата неспособност.

Кои права од задолжително здравствено осигурување ги имаат граѓаните?

Со задолжително здравствено осигурување на осигурените лица им се обезбедува право на основни здравствени услуги под услови утврдени со овој закон, во случај на:

1. болест и повреда надвор од работа и
2. повреда на работа и професионално заболување.

Кои се правата на парични надоместоци во рамки на задолжителното здравствено осигурување?

Во рамки на задолжителното здравствено осигурување се обезбедува право на парични надоместоци, и тоа:

1. право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство; и
2. право на надоместок на патни трошоци.

1. Надоместок на плата

Право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа може да се оствари во случај на:

1. болест и повреда надвор од работа;
2. повреда на работа и професионална болест;
3. лекување и медицинско испитување;
4. негување на болно дете до тригодишна возраст;
5. негување на болен член на потесно семејство над тригодишна возраст, но најмногу до 30 дена;
6. неопходно придружување на болно лице упатено на преглед или лекување надвор од местото на живеење;
7. неопходно придружување на болно дете до тригодишна возраст, додека е на болничко лекување, но најмногу до 30 дена;
8. доброволно давање крв, ткиво или орган и
9. изолираност заради спречување зараза.

Важно:

Надоместокот на плата следи од првиот ден на спреченост за работа и трае цело време додека трае спреченоста за работа, а се исплатува за деновите за кои се остварува плата.

Висината на надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа ја определува работодавецот, односно Фондот со општ акт, но најмалку во висина од 70% од основицата за надоместокот на плата.

Исклучок: Висината на надоместокот на плата за време на привремената спреченост за работа, предизвикана со повреда на работа, професионална болест, за време на давање крв, ткиво или орган, како и за време на отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100% од основицата на надоместокот на плата.

Постапка за надоместок на плата

Потребната документација за остварување на правото на надоместок на плата ја прибавува овластеното службено лице од ФЗОРСМ кое е должно, во рок од три дена од денот на приемот на барањето, да ги побара доказите од надлежен јавен орган. Надлежниот јавен орган е должен бараната документација да ја достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Образецот на барањето и потребната документација за исполнетоста на условите ги утврдува ФЗОРСМ.

Како да добиете оцена за спреченост за работа?

Оцена за привремената спреченост за работа, за првите 15 дена, дава матичниот лекар. За секое боледување подолго од тоа, од 16 дена па натаму, веќе решава комисија (првостепената лекарска комисија на ФЗОРСМ, по предлог на матичниот лекар).

Привремена спреченост за работа се утврдува со:

- Непосреден лекарски преглед на осигуреникот и
- Увид во медицинската и друга документација.

Има исклучоци од ова правило, доколку осигуреникот е тешко болен, кога е неподвижен или тешко подвижен, а не е на болничко лекување. Во овој случај може да се утврди привремена спреченост за работа и без присуство на осигуреникот.

Оцената за привремена спреченост за работа граѓанинот/осигуреникот треба да ја достави до работодавачот, односно ФЗОРСМ, во рок од осум дена од истекот на 15 дена, односно 16 дена (зависно од тоа дали боледувањето Ви е помалку од 15 дена или повеќе). Имено, доколку боледувањето Ви е до 15 дена, имате 8 дена рок од истекот на првите 15 дена да ја доставите оцената. Доколку боледувањето Ви е над 15 дена, имате 8 дена рок од истекот на првите 16 дена да ја доставите оцената.

Доколку не сте задоволни од оцената, може да поднесете приговор. Доколку оцената Ви е издадена од матичниот лекар, можете да поднесете приговор до првостепената лекарска комисија, а доколку оцената Ви е издадена од лекарска комисија, можете да поднесете приговор до второстепената лекарска комисија.

Доколку Вашиот работодавач сака, може да формира медицинска комисија која е овластена да изврши преиспитување на оцената. Трошоците кои ќе настанат околу формирањето, работата и потребниот дополнителен медицински преглед паѓаат на товар на работодавачот.

Исто така, работодавачот, односно ФЗОРСМ, во зависност од тоа кој врши исплата на надоместокот на плата, може да поднесе барање за преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа до првостепената или до второстепената лекарска комисија (зависно од кого е издадена оцената).

Во случај на подолго траење на привремената спреченост за работа, до 12 месеци, лекарската комисија ќе Ве упати до надлежниот орган за оценување на работната способност, според прописите за пензиско и инвалидско осигурување.

Дали може да се запре надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа?

Исплатата на надоместокот на платата за време на привремена спреченост за работа може да се запре, ако:

1. осигуреникот неоправдано не се јави на определен лекарски или комисиски преглед и лекување, или свесно не се придржува кон упатствата на лекарот;
2. во времето на привремената спреченост за работа се утврди дека осигуреникот работи и остварува приход, и
3. оигуреникот е работодавачот кај кого нема други вработени (самовработено лице), а во тој период остварува приходи.

Дали може да се лекувате во странство?

Може да користите болничко лекување во странство, **со претходно одобрение на ФЗОРСМ**, ако е во прашање заболување кое не може да се лекува во Република Северна Македонија, а во земјата во која осигуреникот се упатува на лекување постои можност за успешно лекување, како и контролни прегледи кои се однесуваат на веќе извршено болничко лекување во странство, одобрено од Фондот.

Со земјите со кои имаме склучено или преземено Договор за социјално осигурување, здравствени услуги во странство може да користите во обем и на начин утврдени со Договорот за социјално осигурување.

Во земји со кои немаме склучено или преземено Договор за социјално осигурување може да користите здравствени услуги во странство само за укажување итна медицинска помош, ако придонесот за задолжително здравствено осигурување е платен согласно со прописите за задолжително социјално осигурување.

Ако осигуреникот или работодавачот кој го упатил осигуреникот на привремена работа во странство, во земји со кои Република Северна Македонија нема склучено или преземено Договор за социјално осигурување и користење здравствена заштита во странство, туку ја обезбедил на свој товар, со посебен договор за осигурување, дадените здравствени услуги не паѓаат на товар на Фондот.

Осигурените лица кои се со место на живеење во земја со која Република Северна Македонија има склучено или преземено договор за социјално осигурување, во таа земја можат да користат здравствени услуги во обем и на начин утврден со договорот за социјално осигурување.

Осигурените лица кои привремено престојуваат во странство можат да користат само итна медицинска помош.

Која е постапката за остварување на правата од задолжителното здравствено осигурување?

Барање за остварување на правата од задолжително здравствено осигурување, во прв степен, се поднесува до ФЗОРСМ. Барањето може да биде во пишана и/или во електронска форма.

Барањето во пишана форма можете да го поднесете секој работен ден, во текот на работното време на ФЗОРСМ, а барањето во електронска форма можете да го поднесете и надвор од работното време, како и во неработни денови, а рокот за постапување по барањето започнува да тече од првиот наредени работен ден.

Барањето во електронска форма се поднесува со употреба на средство за електронска идентификација, преку веб порталот на ФЗОРСМ или преку Националниот портал за електронски услуги.

Содржината и формата на образецот, како и потребната документација која се доставува кон барањето, ги утврдува ФЗОРСМ.

Потребната документација наведена во образецот на барањето, како **државјанство и извод од матична книга, се докази кои ФЗОРСМ ги прибавува по службена должност.**

Решение во прв степен, за правата од задолжителното здравствено осигурување, донесува ФЗОРСМ, во рок од 30 дена од денот на предавањето на уредното и комплетно барање.

Кога на донесувањето на решението му претходи утврдување на фактичката состојба за која е потребно и мислење од лекарските комисии на ФЗОРСМ, ФЗОРСМ е должен да донесе решение во рок од 45 дена од денот на приемот на уредното и комплетно барање.

Против ова решение може да се поведе **управен спор**. Одлуката за управниот спор треба да се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесувањето уредна тужба.

Во постапките за остварување на правото за лекување во странство, во прв степен, одлучува ФЗОРСМ, врз основа на мислењето на првостепената лекарска комисија за лекување во странство, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Против решението на првостепената лекарска комисија за лекување во странство, осигуреното лице има право на жалба до Управниот одбор на ФЗОРСМ, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението донесено во прв степен. Управниот одбор е должен да донесе решение најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата, врз основа на мислење од второстепената лекарска комисија за лекување во странство.

Против ова решение може да се поведе **управен спор**.

Надомест на штета

Ако Ви е извршена исплата од средствата на ФЗОРСМ, должни сте да го вратите примениот износ и да ја надомести штетата, доколку:

- сте остварile примања врз основа на невистинити податоци;
- не сте пријавиле промени кои влијаат врз губењето или обемот на правото, а сте знаеле или сте биле должни да знаете за тие промени;
- сте примиле поголеми примања од износот што Ви бил утврден со решение на ФЗОРСМ.

